This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската Унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ ЗА ПРАВОСУДСТВО

**КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“**

**ОКТОМВРИ, 2024**



**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн и техничка обработка:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организиран криминал и корупција

### „СИНЏИР" КОК-61/22

Рочиштето на 28.10.2024 година се одложи поради отсуство на обвинета.

### „ТАРГЕТ-ТВРДИНА" КОК-11/23

На 17.10.2024 година, на рочиштето се испитуваа сведоци предложени од одбраната на обвинетите.

На 28.10.2024 година, на рочиштето се испитуваа сведоци предложени од одбраната на обвинетите.

На 31.10.2024 година, на рочиштето се испитуваа сведоци предложени од одбраната на обвинетите.

### „ТАЛИР" КОК-3/19

Рочиштето на 29.10.2024 година се одложи.

### „27 АПРИЛ – ОРГАНИЗАТОРИ" КОК-62/23

Рочиштето на 22.10.2024 година се одложи бидејќи потребно е јавниот обвинител да се произнесе по решението за амнестија.

### „ТИТАНИК" КОК-59/22

На 15.10.2024 година, главната расправа започна одново. На рочиштето странките дадоа воведни говори и започна доказната постапка.

На 17.10.2024 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази предложени од страна на јавното обвинителство, а исто така беа испитани и 10 сведоци.

### „ТИТАНИК" КОК-78/22

На 21.10.2024 година, на рочиштето за главна расправа се испитаа 2 сведоци предложени од одбраната на обвинетите.

### „МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ" КОК-47/24

Рочиштето на 14.10.2024 година се одложи поради отсуство на обвинет од здравствени причини.

Рочиштето на 29.10.2024 година се одложи поради отсуство на обвинет од здравствени причини.

### „НАРКО ГРУПА-ГРЧЕЦ" КОК-117/24

На 28.10.2024 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На 30.10.2024 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На 31.10.2024 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

## АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

### Останати судски предмети

#### „ПРЕДМЕТОТ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА СТРУГА” К-63/24

Рочиштето на 03.10.2024 година беше одложено поради отсуство на обвинетиот и неговиот бранител.

Рочиштето на 14.10.2024 година се одложи поради отсуство на судијата.

#### „КЛИНИКА ЖАН МИТРЕВ” К-349/23

На 04.10.2024 година, на рочиштето за главна расправа оштетените се произнесоа по однос на имотноправното побарување.

На 16.10.2024 година, на рочиштето за главна расправа оштетените се произнесоа по однос на имотноправното побарување.

#### „УБИСТВОТО НА ВАЊА ЃОРЧЕВСКА И ПАНЧЕ ЖЕЖОВСКИ“ К-1339/24

На 14.10.2024 година, на рочиштето се испитаа 3 сведоци предложени од страна на јавното обвинителство.

На 16.10.2024 година, на рочиштето се испитаа 2 сведоци предложени од страна на јавното обвинителство.

На 18.10.2024 година, на рочиштето се испитаа 2 сведоци предложени од страна на јавното обвинителство.

#### „СУДЕЊЕ ЗА М.Д- ГРАДОНАЛАЧНИК НА КУМАНОВО“ К-115/24

На 02.10.2024 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази предложени од странките во постапката.

Рочиштето на 28.10.2024 година се одложи поради отсуство на судијата.

#### „ПЕНДИКОВ“ К-54/23

На 31.10.2024 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази предложени од одбраната и беше испитан 1 сведок.

## СЕДНИЦИ НА СУДСКИ СОВЕТ НА РСМ

На 02.10.2024 година, Судскиот совет ја одржа 501-та седница, на која меѓудругите точки од дневен ред, беше донесена одлука за времено упатување на судија Анита Јорданов од Основен суд Штип во Основен суд Берово, како и одлука за нејзино определување на функција ВД претседател на Основен суд Берово. Дополнително, на оваа седница беше донесена и одлука со која се става вон сила одлуката содржана во извештајот на Комисијата со која е одлучено постапката за кандидатот Лазар Нанев да продолжи, бидејќи постојат законски пречки за продолжување на постапката за избор на претседател на Основен суд Кавадарци. Поради ова, донесена е одлука за објавување на нов оглас за избор на претседател на Основен суд Кавадарци.

На 16.10.2024 година, Судскиот совет ја одржа 502-та седница, на која меѓудругите точки на дневен ред, дискутираше во поглед на поднесено барање од страна на судија за исклучување на јавноста во постапка за утврдување на одговорност, која постапка претходно по барање на судијата беше јавна.

На ден 24.10.2024 година, Судскиот совет ја одржа 503-та седница, на која меѓудругите точки на дневен ред ја разгледуваше и одлучуваше по донесената одлука на Општа седница на Врховниот суд на РСМ, а во врска со времено упатување на судија за вршење на судиска функција во друг суд.

## СЕДНИЦИ НА СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РСМ

На 22.10.2024 година, Советот ја одржа третата седница на која донесе одлуки за избор на јавни обвинители. Советот ги избра следните јавни обвинители: за јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Битола е избран јавниот обвинител Антонио Јолевски, за јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје е избрана јавниот обвинител Наташа Крстева Цалева, за јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија се избрани јавните обвинители Валентина Стојановска и Златко Биковски и за јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се избрани јавните обвинители Искра Хаџи Василева и Фатон Азизи.

На 29.10.2024 година, Советот на јавните обвинители ја одржа четвртата седница на која донесе одлука за номинирање на членови и заменик членови на Управниот одбор при Академијата за судии и јавни обвинители. Во оваа насока, за членови на Управниот одбор беа избрани членовите на Советот, Душица Димитриеска и Башким Бесими, а за заменик членови избрани се јавните обвинители Татјана Кацарова и Теута Бедиу Рамадани.